РАЗГОВОР: МАЈА КРСТЕВСКА, ДИРЕКТОРКА НА НАЦИОНАЛНА ГАЛЕРИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# Сега сите одат во Мала станица!

Tweet
Like 0 Share

27 мај 2008 - 16:26

Маја Крстевска е директорка на Националната галерија на Македонија, институција кога годинава прославува респектабилни 60 години од основањето. Освен гордоста со она што е македонска уметност на минатото, оваа Галерија последниве години може да се пофали со една нова енергија, кој ја чувствуваат не само уметниците, туку и публиката

**Откако сте Вие директорка на Националната галерија на Македонија, не може а да не се забележи дека не сте пропуштиле да отворите ниту една изложба, ниту еден настан, што се организира во оваа институција. Од каде ваквата посветеност кај вас?**
- Националната галерија на Македонија е најстарата институција од овој тип во земјава, и да се биде на чело на ваква институција е гордост само по себе. Оваа година Националната галерија го слави својот јубилеј - 60 години постоење, што е за секоја почит. Како што и е познато на јавноста, НГМ се состои од три репрезентативни објекти, но започнала да дејствува во Даут пашиниот амам, далечната 1948 година, каде денеска е сместена постојаната Национална поставка.

Тука, секој посетител, лаик или познавач на уметноста, може да го забележи сето она што се творело на нашето поднебје, во периодот од 13 до 21 век, од средновековието преку основоположничката генерација на современото македонско сликарство, се до најсовремените текови во сите ликовни дисциплини. Даут пашиниот амам датира од средината на 15 век, како и вториот објект при



Националната галерија - Чифте амам, што се наоѓа во срцето на Старата скопска чаршија. Двата објекта се заштитени од државата како споменици на културата од национален интерес. Инспирација на современите уметници, токму тука да ги реализираат своите идеи и да го претстават својот творечки опус е интересниот спој на традиционалното и современото.

Инаку, освен што на галеријата и е чест на овие локации да организира изложби на видни имиња и од земјава, но и од странство, мислам дека е чест и за секој автор да изложува токму на вакви места. И оттука е таа посветеност.

**Мултимедијалниот центар Мала станица е современ објект, но се чини дека воопшто не е помалку популарен од претходните два што ги споменавте. Напротив, се чини дека последниве години допрва почнува да фаќа залетт. Особено што нуди можности за разновидни идеи и презентации.**
- Секако дека истото внимание како Чифте амам и Даут пашин амам го заслужува и мултимедијалниот центар Мала станица, како трет објект при НГМ. Инаку, според медиумите и според бројката на посетителите е прогласен за најпосетен објект во изминатата 2007 година. Овој објект при НГМ ги отвори ширум вратите на посетителите и уметниците и на огромно задоволство на стручниот тим и пошироката јавност, почна да се смета за култно место каде застапеноста на публиката е од 7 до 77 години. Во овој изложбен простор во минатата година беа претставени неколку ретроспективни изложби, како онаа на Венјамин Хаџи Наумов, Павле Кузмановски, Сергеј Андреевски, но и тематската изложба Супер Ерос која не само што е прогласена за најпосетена изложба, туку и самата тема што ја обработи предизвика огромен интерес.

**Токму во Мала станица на уметниците им се пружа можност за едни поинакви идеи. Во тој контекст можете ли да издвоите некоја изложба од минатата година?**
- Од изложбите што предизвикаа особено внимание може да се спомене култната словенечка група ИРВИН, која ги прикажа своите антологиски дела и привлече огромен број посетители поради нивниот специфичен пристап во обликувањето на класичното уметничко дело, овојпат инспирирано од македонските средновековни икони.
Инаку, НГМ особено се гордее со тоа што преку сите три објекта со коишто располага, а не само во Мала станица, дава целосен приказ на современите македонски ликовни тенденции (Националната поставка); па изложбената дејност на најсовремените уметнички достигнувања на нашата и странската ликовна сцена (Чифте амам и Мала станица); преку застапеноста на уметници од нашата ликовна сцена до претставувања на странски имиња кои изложуваат во сите ликовни дисциплини. Наедно, соработката со нашите македонски центри преку целата година е исклучително активна.

**Забележливи се и промените во начинот на презентирање и најавување на планираните активности на Националната галерија. Сега галеријата е многу поотворена за комуникација и со посетителите и со медиумите.**
- Во таа смисла, од особено значење е богатата издавачка дејност на НГМ преку креирање на каталози, книги и монографии, изработени според највисоки стандарди, благодарение на професионалноста на стручниот тим на дизајнери и кустоси, што ги поседува оваа институција. Оттука тие материјали се од полза за сите: и за уметникот кој достојно се презентира, и за посетителите од кои голем број се ученици и студенти, но и за медиумите кои впрочем и најшироко ги пренесуваат информациите за сите наши активности. Она што е најзабележително во изминатиот период, е дека е оваа институција го привлече уметникот својата идеја да ја реализира како финален проект и својот концепт да го интегрира како со посетителот, така и со медиумите. Значи, целта е постигната.

**Честопати во трите објекти на Националната галерија освен изложби се одржуваат и други настани.**
- Точно е. Застапеноста на промоции, концерти, презентации на светски реномирани брендови, претставувања на странски амбасади, промовирање на најнови изданија од сферата на литературата, секако е за поттик да се продолжи соработката на НГМ со сите заинтересирани. Сето тоа е во прилог на посетеноста на Галеријата, а тоа е особено важно. Едноставно кај луѓето се создава навика да прашаат Што има вечерва во Национална галерија?? И секогаш има нешто што вреди да се види.

**Сепак, веројатно највредното поврзано за Галеријата е Националната поставка, која е особено важна за помладата популација - студентите и учениците по уметност.**



- И не само за нив, туку и за пошироката публика. За нас е приоритетно зачувувањето на она што го поседува НГМ, односно националната поставка која содржи 2000 експонати, а за која безрезервно се грижиме и ја презентираме на публиката. Вредно да се спомене е и работата на едукативното одделение при НГМ, што подразбира упатување на најмладата популација во изложбените простори кадешто се запознаваат со нашето непроценливо национално богатство. Преку запознавањето на она што го работеле нашите основоположници на современата македонска уметност: Личеноски, Мартиноски, Пандилов, децата учат за се она што го создале овие великани од нашето поднебје. Овие големи имиња се и основачи на оваа институција, и од тие причини се гордееме, што го продолжуваме нивното дело.

**А што со помладите автори?**
- Соработката со младите автори е од исклучително значење за НГМ. Особено е за поздрав соработката со нашите државни и приватни универзитети, средни училишта и нивното преставување на завршните изложби во нашите објекти. На пример, последниот проект на најмладиот уметник, 13-годишниот Стефан Плескоњиќ во мултимедијалниот центар Мала станица привлече огромно внимание, при одбележувањето на 10-годишнината од неговото творење.
Вратите се отворени за секој уметник кој со својот уметнички израз има што да презентира, секако со стручна селекција и приоритет да се прикаже најдоброто во оваа реномирана институција.

***Анета ПАУНОВСКА***
***Фото: Н. БАТЕВ***



Like Share Be the first of your friends to like this.

# Поврзани



[Цветни пантлони - бидете во тренд]



[Отстранете ги темните кругови и кесичките под очите на природен начин]